Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-490/07
14.05.2007 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА И СТАТИСТИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XII редовна седница од 18.IV.2007 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник по предметите Методологија на научните истражувања и Статистика.

Рецензентската комисија утврди дека на конкурсот објавен во "Утрински весник" од 27.III.2007 година пријавена е кандидатката д-р Наташа Ангелоска-Галевска, вонреден професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Врз основа на проучената документација, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Натка Мицковиќ, проф. д-р Марија Костова и проф. д-р Марија Тофовиќ, има чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Наташа Ангелоска-Галевска е родена на 29.X 1966 година во Охрид. Основно и средно образование завршила во Скопје. Високо образование стекнала на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје како редовен студент на студиите по педагогија на Филозофскиот факултет. Дипломирала во 1989 година со просечен успех 9,60. Постдипломски студии по педагогија завршила на Филозофскиот факултет во Скопје со просечен успех 9,50, а звањето магистер по педагошки науки го добила на 7. VII. 1993 година.

Докторската дисертација под наслов "Современ третман на квалитативните педагошки истражувања (Партиципативно набљудување на наставата во една училница)" Ангелоска-Галевска ја одбранила на Филозофскиот факултет во Скопје на 9.V. 1997 година.

Галевска го започнала работниот стаж како педагог-воспитувач во предучилишната установа "13 Ноември" во Скопје, во 1989 година. Во 1992 година се вработува на Филозофскиот факултет како помлад асистент по предметот Методологија на педагогијата со статистички практикум. Со голема посветеност работи на својата академска кариера напредувајќи во звањето асистент во 1993 година и реизбор во истото звање во 1996 година. По докторирањето Галевска е промовирана во наставното звање доцент, во ноември 1997 година. Денешното звање вонреден професор по предметите Методологија на педагошките истражувања, Статистика во педагогијата, Статистика и Методологија на истражувањата во дефектологијата го стекнува д-р Галевска во септември 2002 година.

### 2. НАСТАВНО-НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

#### 2.1. Наставни активности

Во изминатиот петнаесетгодишен период проф. д-р Ангелоска-Галевска извонредно се залага и придонесува за развивање на научните дисциплини Методологија на научните истражувачката работа и Статистика кои завземаат значајно место во студиските програми на додипломските и

постдипломските студии на Филозофскиот факултет во Скопје. При воведувањето на европскиот кредит-трансфер системот, д-р Галевска развива современи предметни програми за методолошко оспособување на студентите. Во тековната академска 2006/2007 година во рамки на **редовните** студии д-р Галевска реализира настава по седум предмети, сите со статус на задолжителни предмети во студиските програми на три институти:

- Методологија на педагошки истражувања, Техники на педагошките истражувања, Дескриптивна статистика и Инференцијална статистика на Институтот за педагогија
- Методологија на истражувања во дефектологијата и Статистика на Институтот за дефектологија
- Статистика на Институтот за одбранбени и мировни студии

Обемен е ангажманот на д-р Галевска и во рамки на повеќе студиски програми на **постдипломските** студии на Филозофскиот факултет во Скопје:

- Носител е на предметите: Планирање на научното истражување, Статистика и Акциони истражувања на постдипломските студиски програми по **Педагошки науки** и по **Менаџмент во образованието** на Институтот за педагогија
- Носител е на предметите Планирање на научното истражување, Квантитативни методи на истражување, Квалитативни методи на истражување и Научни истражувања во дефектологијата на постдипломските студии по **Дефектологија**

Како методолог, д-р Галевска е член на бројни комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски трудови на Институтот за педагогија и на сродните институти. Била член и на рецензентски комисии за избор на наставници и соработници на Филозофскиот факултет во Скопје и на Педагошките факултети од Битола и Штип.

## *2.2* Други активности и функции во периодот од последниот избор до денес (2003-2007)

Покрај наставните активности д-р Галевска извршува бројни други активности и функции, меѓу кои:

- Продекан за финансии и наука на Филозофскиот факултет (два мандати, од 1.03.2003 до денес)
- Претседател на Комисијата за последипломски студии на Филозофскиот факултет во Скопје (2003 до денес);
- Претседател на Комисијата за јавни набавки на Филозофскиот факултет во Скопје (2003 до денес)
- Член на Комисијата за наставно-научни прашања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2004 до денес)
- Член на Комисијата за финансии, ивестиции и развој на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2003-2004)
- Член на Комисијата за самоевалуација на Филозофскиот факултет (2002-2003)
- Заменик раководител на Институтот за педагогија (2001- 2003)

## 2.3. Стручно- научни активности

Според приложената документација Д-р Наташа Ангелоска-Галевска покажува посебен афинитет за научно-истражувачка работа и има исклучително богата биографија во однос на учеството на научни собири, стручни семинари и студиски престои во европските земји. Особена е забележителна нејзината активност на меѓународен план преку членство во меѓународни стручни асоцијации, студиски посети на други универзитети и ангажираност како експерт во меѓународни истражувачки проекти.

### 2.3.1 Членство во меѓународни стручни асоцијации (2003-2007)

- Член на Извршниот комитет на Балканското здружение за образование и педагогија (BASOPED - Balcan Society for Pedagogy and Education) со седиште во Солун, Грција (2003-2005 и 2006-2007)
- Член на ИГИП - Меѓународната асоцијација за едукација на инженери (International Society for Engineering Education) со седиште во Клагенфурт, Австрија (2000-2007)
- Член на Мрежата на Европската Фондација за Обука за наставници и обучувачи за средно стручно образование за Југоисточна Европа (ETF South East European VET Teacher Training Network) со седиште во Торино, Италија (2005-2007)
- Член на ЕНИРДЕМ - Европска мрежа за развој на истражувања од областа на образовниот менаџмент (European Network for Improving Research and Development in Educational Management) (2005-2007)

### 2.3.2 Учество со реферат на меѓународни научни собири и конференции

Во текот на изминатиот период од 2003 до 2007 година, проф. д-р Ангелоска-Галевска учествувала со реферат на 12 меѓународни и две домашни конференции:

1. Учество на меѓународната конференција "Intercultural Education in the Balkan Countries" (Интеркултурното образование во балканските земји) во организација на Балканското здружение за педагогија и Филозофскиот факултет од Скопје, одржана во **Охрид**, 9-10 мај **2003** година, во својство на организатор и претседавач на пленарниот дел;
2. Учество на меѓународната конференција "Новини во воспитанието, образованието и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот" одржана во **Охрид**, 17-20 септември **2003** година со реферат на тема ***"Истражувачката работа во дефектологијата - актуелни состојби и перспективи"*** (објавен абстракт) ;
3. Учество на научниот собир посветен на 75 години - живот и дело на проф. Анатоли Дамјановски одржан на 17 декември **2003** година на Филозфскиот факултет во **Скопје** со реферат на тема ***"Проф. Анатоли Дамјановски и методологијата на педагогијата"*** (објавен реферат во зборник на трудови);
4. Учество на меѓународниот научен собир "Југословенска педагогија друге половине 20-тог века" одржан на 26 април **2004** година во **Белград**, Србија со реферат на тема ***"Етапе развоја методологије педагогије у Југославији и Македонији у другој половини 20-тог века"*** (Етапи на развојот на

методологијата на педагогијата во Југославија и Македонија во втората половина на 20 -тиот век) (објавен реферат во меѓународен зборник);

5. Учество на меѓународниот научен собир "Quality in Education in the Balkan countries" (Квалитетот на образованието во Балканските земји) одржан на 2 и 3 јули **2004** година во **Софија**, Бугарија во својство на национален претставник со воведен реферат на тема ***"How to achieve and assess quality in education - Macedonian course of action"*** (Како да се постигне и процени квалитетот на образованието- Македонски план за делување) (објавен реферат во меѓународен зборник на трудови);
6. Учество на меѓународниот научен собир на експерти за средно стручно образование и обука на тема "Skills development for Employability and Citizenship: The Southeast European Experience within a Global Context" (Развој на вештини за вработување и граѓанство: Искуствата на југоисточна Европа во глобалниот контекст) во организација на УНЕСКО, УНЕВОК и ЕТФ одржан од 20 до 24 ноември **2004** година во **Виена,** Австрија со реферат на тема ***"New Teacher training concept in the Republic of Macedonia"*** (Нов концепт за обука на наставници во Република Македонија) (објавен абстракт);
7. Учество на меѓународниот научен собир "Development and Dissemination of Good Practice in Teacher and Trainer Training for the Western Balkans- VET TT in the Lifelong learning concept" (Развој и размена на добрата практика во обуката на наставници и обучувачи во Западен Балкан- Обука на наставници за средностручно образование во концептот за доживотно учење) во организација на Европската Фондација за обука –ЕТФ, одржан од 20 до 22 јануари **2005** година во **Тирана**, Албанија со презентација на тема ***"A Model for continuing teacher education"*** (Модел за континуирано образование и обука на наставници);
8. Учество на меѓународната конференција "Lifelong Learning in the Balkans - A Historical Context and Current Trends" (Доживотното учење во Балканските земји - Историски контекст и современи текови) одржана од 30 јуни до 3 јули **2005** година во **Белград,** Србија и Црна Гора, со реферат на тема ***"The new role of teachers and concept of teacher training in Macedonia"*** (Новата улога на наставникот и концептот за обука на наставници во Македонија), и во улога на модератор на работната група за Стручно образование, развој на човечки ресурси и професионализација на наставните кадри. (објавен реферат)
9. Учество на меѓународниот научен собир "Development and Dissemination of Good Practice in Teacher and Trainer Training for the Western Balkans- VET TT in the Learning Organisation Conext" (Развој и размена на добрата практика во обуката на наставници и обучувачи во Западен Балкан - Обука на наставници за средностручно образование во контекст на организација на учење) во организација на Европската Фондација за обука - ЕТФ од Торино одржан од 10 до 12 ноември **2005** година во **Подгорица**, Црна Гора со две презентации: ***"Introduction to ETF Catalogue on VET TT Systems and Practices in the Western Balkans"*** и ***"VET TT system in the Republic of Macedonia"*** ("Претставување на Каталог за системите за образование и обука на наставниците за средно стручно образование" и "Системот за образование и обука на наставниците за средните стручни училишта во Република Македонија");

10. Учество на собирот Квалитетот на образованието – наставникот клучен фактор за обезбедување и вреднување на квалитетот, одржан во **Скопје** во октомври **2005** година, со реферат на тема ***"Јакнење на системот за обука на наставници во функција на квалитетот на образованието"***

11. Учество на Првата експертска средба за доживотно образование организирана од Европската Фондација за обука во Торино, Италија (април 2006 год) со предлог проект за Обука на наставниците за возрасни во однос на компетенциите за доживотно учење – оспособеност како да се учи и претприемништво

12. Учество на Втората експертска средба за доживотно образование организирана од Европската Фондација за обука на Крк, Хрватска (јули 2006 год) "Обука на наставниците за возрасни согласно концептот на компетенции за доживотно учење"

13. Учество на меѓународниот научен симпозиум "Болоњскиот процес на Филозофските факултети во Југоисточна Европа" во организација на Филозофскиот факултет од Скопје, одржана во **Скопје** на 14-15 декември **2006** година, со реферат на тема ***"Предизвици во концептирањето на магистерските и докторските студии согласно Болоњскиот процес";***

14. Учество на Третата експертска средба на тема "Клучни компетенции за доживотно учење" организирана од Европската Фондација за обука, одржана во Торино, Италија, во периодот 22-24 март **2007** година .

### 2.3.3 Учество на семинари, студиски посети и престои на други универзитети

Во периодот од 2003 до 2007 година, Проф. д-р Ангелоска-Галевска реализирала 24 студиски посети и престои на странски универзитети, како на пример:

- Студиски посети на Аристотелос Универзитетот во Солун, Грција, во февруари 2003 година, во јануари 2004 година, во мај 2005 и февруари 2006 година со посета и на Македониа Универзитетот во Солун
- Студиски посети на Филозофскиот факултет во Белград, Србија, во октомври 2003 година, во април, јуни и октомври 2004 година, потоа во февруари и април 2005 за соработка со Друштвото за образование на возрасни на Србија, во февруари 2006 за учество на семинарот за Развој на курикулумот на Филозофскиот факултет во Белград, итн.
- Учествувала на конференцијата "Каде сме, каде одиме" одржана во јуни 2003 во Скопје и работилницата "Што понатаму? - Македонското високо образование по потпишувањето на Болоњската декларација" во организација на ФИООМ и МОН на РМ, одржана во октомври 2003 година во Скопје;
- Студиски посети на Филозофските факултети во Загреб, Хрватска и Љубљана, Словенија, во ноември 2003 година;
- Студиски престој во Рим, Италија и учество на работилницата: Училишна практика и социјална интеграција за лица со пречки во развојот на Одделението за клиничка психологија при Универзитетот Ла Сапиенца, на 12 март 2004 година
- Студиски престој на Филозофскиот факултет во Софија и Китен, Бугарија, во септември и декември 2004 година

- Учество на Состанокот на уредувачкиот одбор на Европската фондација за обука за годишникот од 2005 година (ETF Editorial Meeting and Yearbook seminar) во Торино, Италија во март 2005, како надворешен експерт за рецензирање на две статии од годишникот;
- Студиски посети на Филозофскиот факултет во Љубљана и Педагошките факултети од Љубљана и Марибор во Република Словенија, во јуни 2005
- Учество на работилницата Развојни тенденции кон инклузивното училиште – Практика – Истражувања - Јакнење на капацитети, одржана во **Сараево**, БиХ во ноември **2006** година
- Студиски престој на Универзитетот во Истанбул, Турција во јануари 2007 година.

### 2.3.4 Учество во проекти (2003-2007)

Проф. д-р Ангелоска-Галевска има земено активно учество во низа меѓународни и домашни проекти, најчесто како методолог за разработување на инструментите за истражување, потоа во својство на евалуатор за вреднување на реализацијата на проектните активности или како експерт за одделни прашања.

1. Соработка со **ВЕТ2 програмата за реформа на Средното стручно образование**, 2003-2004 година; Член на работната група за изготвување на документот профил на наставник за ССОО и модел на напредување на наставникот
2. Изработка на инструменти за евалуација на постигнатиот успех на корисниците во **УНИЦЕФ** проектот **За подобро родителство** (февруари и март 2003);
3. Надворешен евалуатор на проектот **"Креативна настава и учење"** на **Фондацијата Институт Отворено општество на Македонија и Фондацијата Чекор по чекор**, финансирано од УСАИД (Иницијално мерење-2003 година, Формативна евалуација-2003, Годишен извештај-2004, Финално мерење-2005)
4. Учество како експерт во проектот Ставови на родители и наставници кон учениците-роми на Европскиот центар за малцински прашања на малцинстават – European Centre for Minorities Issues
5. Учество во проектот за изработка на Каталогот на Европската фондација за обука ЕТФ, за системите за образование и обука на наставниците за средно стручно образование (Catalogue on VET TT Systems and Practices in the Western Balkans) во својство на главен уредник
6. Надворешен консултант за методологијата на проектот Образовни потреби на Ромите, ЕЦМИ 2005 година
7. Евалуатор на проектот Креативна настава и учење во високото образование на ФИООМ и УСАИД, (Иницијално мерење - ноември 2005 година)
8. Реализатор на модулот Планирање и финансирање во Програмата за обука на кандидатите за полагање на испит за директор во училиште (2006-2007)
9. Учество како локален експерт во Проектот Клучни компетенции за доживотно учење, на Европската фондација за обука, (2006-2008)
10. Програмски координатор за Филозофскиот факултет во Скопје на проектот Креативна настава и учење ФИООМ и УСАИД (2006-2009)
11. Главен истражувач на проектот Квалитативни истражувања во инклузивната училница финансиран од Норвешкото Министерство за надворешни работи (2006-2009) ...

## 3. ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

До претходниот избор за вонреден професор, д-р Наташа Ангелоска-Галевска има објавено две книги, прирачник и четириесетина статии во педагошката периодика во земјава и странство. Овие трудови се рецензирани и позитивно оценети во рефератите за избор во претходните звања и објавени во Билтените на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" под број 671 од 15. XI 1996, број 680 од 1. IV 1997, број 694 од 3. XI 1997 и број 810 од 13.09.2002 година.

Во периодот од последниот избор до денес, д-р Галевска ги публикувала долунаведените трудови.

### 3.1 ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ НА СТРАНСКИ ЈАЗИК

1. **A Catalogue of VET Teacher Training Systems in South East Europe** (eds. Soren Nielsen & Natasa Angeloska-Galevska) (2006), Bitola: Kiro Dandaro.
2. Angeloska-Galevska, N. (2006): ***VET Teacher Training System in the Republic of Macedonia***. Andragoske studije - Casopis za proucavanje obrazovanja i ucenja odraslih, Beograd, broj 1/2006, pg. 28-38
3. Stojanov, G; Angeloska-Galevska, N. (2006): ***Higher Education System in Macedonia - Overview, Reforms, and Prospects,*** European Education – Issues and Studies, vol. 38, no. 1/2006, pg. 44 – 59
4. **Angeloska-Galevska, N. (2006):** ***The New Role of VET Teacher and Concept of Teacher Training in FYROM.*** Lifelong learning in the Balkans (ed. N.P.Terzis). Publishing house Kyriakidis Brothers S.A., pg. 541-548
5. Angeloska-Galevska, N. (2006), ***Strucno obrazovanje i obuka nastavnika u Makedoniji***. Vaspitanje i obrazovanje - casopis za pedagosku teoriju i praksu, Podgorica, br.3/2006, str.263-274
6. Angeloska-Galevska, N. (2005): ***'How To Achieve And Assess Quality in Education: the Macedonian course of action'***. Quality in Education in Balkans (ed. N.P.Terzis). Publishing house Kyriakidis Brothers S.A., pg. 41-50
7. Ангелоска-Галевска, Н. (2004), **'Етапе развоја методологије педагогије у Југославији и Македонији у другој половини 20 -тог века'**, *Југословенска педагогија друге половине 20. века*. Ужице: Учитељски факултет; Београд: Институт за педагогију и андрагогију Филозофског факултета, стр. 195-212.
8. Angeloska-Galevska, N; Damovska, L; Dizdarevic, J (2003); ***National plans and follow up activities in educational reform in FYR Macedonia***, Drafting new curricula in south-east Europe, UNESCO-IBE-CEPS, pg.46-47

### ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

9. **КАТАЛОГ на системите за стручно образование и обука на наставници во Југоисточна Европа** (уредници Сорен Нилсен и Наташа Ангеловска-Галевска) 2006, Битола: Киро Дандаро
10. Ангелоска-Галевска, Н. (2006), **'Современи тенденции во стручното образование и обука на наставниците'**, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на УКИМ*, Скопје: Филозофски факултет. книга 59, стр. 15-28

11. Ангеловска-Галевска, Н. (2005), **'Видови научни истражувања во дефектологијата'**, *Дефектолошка теорија и практика*, Скопје: Филозофски факултет. бр.3-4, стр.7-16; Angeloska-Galevska, N. (2005): **'Types of scientific researches in special education'**, *Journal od Special Education and Rehabilitation*, Skopje: Faculty of Philosophy, no.3-4, 7-16

12. Ангеловска-Галевска, Н. (2004), **'Карактеристики на развојот на методологијата на истражувањата во дефектологијата'**, *Дефектолошка теорија и практика*, Скопје: Филозофски факултет. бр.3-4, стр.19-30; Angeloska-Galevska, N. (2004): **'Characteristics of Research Methodology Development in Special Education and Rehabilitation'**, *Journal od Special Education and Rehabilitation*, Skopje: Faculty of Philosophy, no.3-4, 19-30

13. Ангелоска-Галевска, Н (2004), **'Анатоли Дамјановски и методологијата на педагогијата'**, *Педагогија* ,бр.1, стр. 96-99.

## ОБЈАВЕНИ АПСТРАКТИ ОД НАУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ

1. Angeloska-Galevska, N. (2005): ***The new role of VET Teachers and Concept of Teacher Training in FYROM.*** Lifelong Learning in the Balkans - A Historical Context and Current Trends - Abstracts of papers - international conference Belgrade, 1-3 July 2005.

2. Angeloska-Galevska, N. (2004): ***The new Concept for Teacher Training in FYROM.*** UNESCO and ETF international conference: Skills development for Employability and Citizenship: The Southeast European Experience within a Global Context.

3. Ангелоска-Галевска, Н (2003), ***Истражувачката работа во дефектологијата - актуелни состојби и перспективи***, Новини во воспитанието, образованието и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот:зборник на резимеа/ Конференција 10 години студии по дефектологија во Македонија, Скопје: Филозофски факултет, стр. 200 (на македонски и англиски јазик).

Трудовите на д-р Галевска се публикувани во реномирани меѓународни научни и стручни списанија. Серизен научен потфат претставува Каталогот на системи за стручно образование и обука на наставниците во Југоисточна Европа (реден број 1). На распишаниот меѓународен тендер од страна на Европската фондација за обука, д-р Галевска заедно со дански експерт е ангажирана во својство на уредник на целата книга и во својство на автор на текстот посветен на системот на средно стручно образование во Република Македонија. Книгата содржи 229 страници двојазичен текст на англиски и македонски јазик и претставува извонредно вредна компаративно-аналитична студија на седум балкански системи на образование, проучувани со регионален компаративен истражувачки пристап со воедначена методологија и претставени на сеопфатен и оригинален начин.

Трудови под реден број 2, 4, 5 и 10 исто така ја обработуваат проблематиката на средното стручно образование и даваат исклучително концизен преглед на состојбите и тенденциите во однос на образованието и обуката на наставници за средните стручни училишта. Трудовите се рецензирани и објавени во стручни списанија со долгодишна традиција и реноме во соседните земји и кај нас, како што е стручното списание Андрагошке студије

во Србија, списанието за педагошка теорија и практика Васпитање и образовање во Црна Гора и Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје. Во рецензиите за овие трудови стои '... при третирањето на проблемот, авторот ги надминува ограничувачките рамки на дескриптивно презентирање на состојбите со примена на аналитичкиот, а во голема мерка и на феноменолошкиот пристап при елаборирање на најсуштествените карактеристики на развојот на средното стручно образование кај нас. Трудовите имаат белег на јасност, следственост и длабока научност, дистанцирани од енциклопедизам и пренагласена историографија.'

Трудот со број 3, под назив Системот на високо образование во Македонија е објавен во престижното списание European Education-Issues and Studies индексирано во осум светски референтни бази на податоци. На еден авторски табак направен е комплексен осврт и анализа на состојбата во високото образование во Република Македонија, со користење на релевантни дескриптивни статистички податоци за сите државни универзитети во РМ. Во трудот се акцентирани круцијалните прашања од сферата на високото образование, од неговата структура и управување до уписната политика и финансирањето, при што, повлекувајќи паралела со европските документи и резолуции се прави критички осврт на реформските зафати и проблемите со кои се соочува академската заедница во Македонија.

Идејата на текстот во трудот под број 6 публикуван од грчки издавач, се рефлектира во самиот негов наслов: Како да се постигне и процени квалитетот во образованието - македонски план за делување. Поаѓајќи од фактот дека квалитетот е мултидимензионален концепт, авторот следи повеќе клучни индикатори: квалитетот на училиштата, квалитетот на образованието и обуката на наставниците, наставните програми, учениците, начинот на управување, финансирање, донесување одлуки на микро и макро план, итн.

Во подиректна релација со примарната научна преокупација на проф. д-р Галевска се следните нејзини трудови:

Под реден број 7 е трудот објавен во српска публикација посветена на југословенската педагогија во периодот на втората половина од 20-тиот век. Заедно со најистакнатите педагошки авторитети од Љубљана до Скопје, трудот на Галевска (единствен од македонски автор) на комплементарен начин се надополнува кон останатите, расветлувајќи ги тенденциите во развојот на методологијата на педагогијата во Македонија и поранешна Југославија во изминатиот педесетгодишен период. Ваквиот текст е редок придонес во документирањето на историските прилики кои влијаеле на конституирањето и развојот на методологијата на педагогијата во Македонија, како суштинска компонента на развојот на педагошката наука во целина.

Од областа на методологијата на научните истражувања се и два нејзини трудови објавени двојазично, на македонски и англиски јазик во списанието Дефектолошка теорија и практика. Во првиот текст (реден број 11) на експлицитен начин се елаборираат суштествените карактеристики на одделните видови научни истражувања кои може да најдат примена во дефектологијата. Во вториот труд (реден број 12) се елаборирани

карактеристиките на развојот на методологијата на истражувањата во дефектологијата кај нас, укажувајќи на специфичностите на популацијата која наложува примена на флексибилен и издиференциран истражувачки приод.

Трудот под број 13 претставува лично видување на д-р Галевска за придонесот на Проф. Анатоли Дамјановски кон развојот на методологијата на педагогијата во Македонија при што, покрај освртот на неговите трудови, се дава и ретроспектива на развојот на оваа важна научна дисциплина на студиите по педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Анализата на персоналната библиографија на проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска од периодот 2003-2007, покажува дека кандидатката поттикнува и разрешува актуелни педагошки и методолошки проблеми со што значајно придонесува во афирмацијата на домашните постигнувања на меѓународен план.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Биографијата и публикуваниот опус на проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска претставуваат јасен одраз на нејзиниот придонес во развојот на педагошката научна мисла на домашно и светско рамниште, како и на нејзините напори за што поквалитетно оспособување на младите кадри за научно-истражувачка работа. Нејзината мобилност и енергија се насочени во постојано настојување за вградување на светските развојни тенеденции во сопствената наставна и научна дејност и за што попотполно задоволување и пресретнување на барањата што ги поставува современата педагошка теорија и практика

Имајќи ги предвид ангажманот, достигнувањата и квалитетите на д-р Наташа Ангелоска-Галевска, членовите на Рецензентската комисија изразуваат **едногласно позитивно мислење** за нејзината целокупна наставна и стручно-научна дејност и со особено задоволство **препорачуваат**, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја избере проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска во **звањето редовен професор** по предметите методологија на научни истражувања и статистика.

Скопје, мај 2007

Рецензентска комисија:

1. Д-р Натка Мицковиќ, редовен професор

Натка Мицковиќ
___________________

2. Д-р Марија Костова, редовен професор

М Кос
___________________

3. Д-р Марија Тофовиќ, редовен професор

М Тофовиќ
___________________

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-490/07
12.06 2007 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 920/257 од 15. V 2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XIII редовна седница, одржана на 6 VI 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на наставник

I

**1. Д-р Наташа Ангелоска-Галевска** , вонреден професор по предметите: методологија на педагошките истражувања, статистика во педагогијата и методологија на истражувањата во дефектологијата на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области(дисциплини) : Методологија на научни истражувања и Статистика , за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

**2.** Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос за времето на кое е избран-а, сметано од 7. VI 2007 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски